РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02-1794/2
18.10 2021 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет - Скопје, по предлог од Институтот за хемија при Факултетот, бр. 02-1794//1 од 27.09.2021 година, на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 06.10.2021 год., донесе

# О Д Л У К А

1. Се прифаќа предлогот на Институтот за хемија при Факултетот.

2. Се одобрува организацијата на наставата во зимскиот семестар да се одвива на следниот начин:

- Наставата на Институтот за хемија да биде комбинирана при што во една седмица ќе се спроведуваат удвоен број на предавања, а во наредната седмица лабораториски вежби.
- се препорачува предавањата да се организираат со настава на далечина ( on-line) за групи кои бројат над 20 студенти, додека лабораториските и теориските вежби да се организираат со физичко присуство во помали групи (со најмногу 12 студенти во група), и со почитување на сите протоколи за заштита од Ковид-19 кои важат за институциите од високото образование.

- При организацијата на наставата треба да се изврши усогласување со организацијата и распоредот на другите Институти на Природно - математичкиот факултет во Скопје.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе важи се додека важат и се применуваат мерките за заштита и протоколите согласно со мерките на надлежните органи.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019), на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 06.10.2021 година, заради организирање на наставата, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Александар Скепаровски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Продеканот за наставни и студентски прашања;
- Институтот за хемија при Факултетот;
- Одделение за студентски прашања;
- Персоналното досие и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

Изработил: Јадранка Стојчевска
Одобрил: Васка Маневска